## ТАШКО МАМУРОВСКИ: „ПАСКАЛ МИТРЕВСКИ И НЕГОВОТО ВРЕМЕ (1912-1978), СКОПЈЕ 1992, 1-280.

Во 1992 година, во издание на Институтот за национална историја - Скопје, излезе од печат трудот на Ташко Мамуровски, под наслов: „Паскал Митревски и неговото време (1912-1978)".

Главниот текст на книгата е поделен на два дела, од кои првиот е составен од седум глави, каде е претставена револуционерната дејност на Паскал Митревски во егејскиот дел на Македонија во времето на НОБ и Граѓанската војна во Грција, а вториот содржи негови прилози од истиот период. Освен тоа во книгата е даден предговор, заклучок, прегледана и користена литература и регистар на лични имиња и географски поими.

Предговорот всушност, претставува информација за растежот на Паскал Митревски и неговата улога во народноослободителното движење на македонскиот народ.

Во првата глава е даден пресек на настаните во егејскиот дел на Македонија од триесеттите години па се до средината на 1943 година. Тоа е период кога Митревски целосно се определува за движењето раководено од КПГ и со своето дејствување посебно се истакнува во младинските средини на подрачјето на Солун, Костур и околијата. Во оваа глава е опфатено и учеството на Македонците во грчко-италијанската војна (28.X.1940-април 1941) и грчко-германската војна но, не под свое име; враќањето на преживеаните, меѓу кои и на Паскал Митревски, во родните места и нивното вклучување во редовите на КПГ, ЕАМ (Национално-ослободителен фронт) и ЕЛАС (Народно-ослободителна војска на Грција).

Создавањето и активноста на македонската организација СНОФ (Славјаномакедонски народноослободителен фронт) во Костурско и Леринско е тема на втората глава од книгата. Во неа авторот пишува за условите под кои беше создадена оваа организација есента 1943 година, како „изнудено и тактичко решение од страна на КПГ", за изборот на Митревски за секретар на окружното раководство во Костурско и неговиот придонес на тој план. Соодветен простор е посветен и на обидот за обединување на двете окружни организации, со тенденција СНОФ да стане „рамноправен претставник во антифашистичката коалиција на ЕАМ", и улогата на СНОФ во создавањето на македонски резервни единици. Во истата глава е потенцирана и штетната политика на КПГ во однос на македонското национално прашање, што доведе и до расформирање на СНОФ.

Прашањето за создавање на посебни макеоднски единици во составот на ЕЛАС; нивната активност на теренот во разоружувањето на македонските селани што беа вооружени од окупаторот; судирот со грчкото раководство; преминот во вардарскиот дел на Македонија и формирањето на Првата ударна бригада на Македонците под Грција, авторот го разгледува во третата глава од книгата.

Во четвртата глава е прикажана ситуацијата во Грција и егејскиот дел на Македонија по потпишувањето на договорот на грчкото движење на отпорот со грчката монархистичка влада во Варкиза (12.02.1945), теророт на монархистите и особено врз македонскиот народ што за последица имаше формирање на македонската организација НОФ (Народноослободителен фронт) како заштитник на животот и честа на Македонците. Појавата на НОФ, како што пишува авторот, е остро дочекана како од грчките власти така и од КПГ, затоа нејзиното раководство на чело со Паскал Митревски, ќе мора да вложи крајни усилби за да се одржи на теренот.

Еволуцијата на погледите на КПГ, од негирање до признавање, на организацијата НОФ е тема на петтата глава. Во неа се укажува за местото на Паскал Митревски во обединувањето на НОФ со КПГ и за условите под кои тоа се изврши кон крајот на 1946 година.

За Граѓанската војна во Грција (1946-1949); учеството и придонесот на Македониците за подемократски односи во земјата се зборува во шестата глава од книгата. Тука е прикажана и перфидната политика што КПГ ја спроведуваше спрема НОФ и макеоднските раководтители и борци во овој период.

Во седмата глава станува збор за односот на КПГ кон организацијата НОФ по Резолуцијата на Информбирото. Во неа се претставени жестоките и неаргументирани клевети и обвинувања на повидните раководители на НОФ, меѓу кои и Паскал Митревски,

нивното затворање и натамошната судбина во сибирските логори се до извршената рехабилитација од страна на Советското раководство.

Краткиот заклучок претставува резиме на изнесеното во првиот дел од книгата.

Во вториот дел од книгата се поместени 23 документи од Паскал Митревски, во кои се дава светлина за настаните во периодот 1944-1949 година.

На крајот чувствуваме потреба да истакнеме дека трудот на Ташко Мамуровски: „Паскал Митревски и неговото време (1912-1978)", претставува придонес за македонската историска наука и интересно четиво за пошироката јавност. Монографијава доаѓа во времето кога и ден денес во соседна Грција на Македонците не им се признаваат никакви права.

Ова дело, како што тврди авторот, е прв обид за научно расветлување на ликот на Паскал Митревски, истакнат македонски револуционер од периодот на НОБ и Граѓанската војна во Грција, и на тој начин тоа претставува и поттик за натамошно истражување и презентирање на слични содржини од нашето историско минато.

АЛЕКСАНДАР АНГЕЛОВСКИ